Co-funded by the European Union

Ready 4School



# Needs Assessment Report

## Извештај за процена на потребите

Име на проектот: Подучување на вештини за подготвеност за училиште преку предучилишна програма базирана на АБА

Број на проектот: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

Веб страна: ready4school.eu

Контакт: kingsdorf@ped.muni.cz

# Содржина

**Преглед на проектот** 4
**Преглед на проценка на потребите** 5
**Резултати од проценката на потребите** 6
Република Чешка 7
Северна македонија 8
Кипар 9
Хрватска 10
Украина 12
Грција 13
**Општи заклучоци** 15
**Одење нанапред** 18
**Користена литература** 20
**Изјава за неодговорање** 20



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

# Преглед на проектот

Олеснувањето на успешна транзиција на децата со аутизам во основно училиште бара развој и соработка на бројни системи за поддршка.




Проектот Ready4School претставува соработка помеѓу шест европски организации со цел развој и имплементација на иновативен образовен пакет за предучилишни наставници кои работат со деца со нарушувања од спектарот на аутизам (НСА) како дел од сеопфатниот систем за поддршка.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

Проектот има за цел да го зголеми квалитетот на посебните и инклузивни предучилишни програми за деца со НСА и да го олесни преминот од предучилишно во основно образование.

Проектот ќе развие сеопфатна проценка и планирање во форма на едукативен комплет врз основа на принципите на применета анализа на однесувањето (АБА). Комплетот ќе вклучува:

- Развојна проценка со контролни точки за училишна подготвеност.
- Предучилишна наставна програма заснована на проценка.
- Детални планови за часови кои ја следат наставната програма.
- Обрасци со податоци за успешно следење и евалуација на напредокот.

Со проектот, исто така, ќе се обучат 3 тренери по земја за материјалот кој е развиен (пилот-тестирање) кои потоа ќе обучат минимум 5 наставници во нивните земји. Покрај тоа, проектот има за цел да ги споделува резултатите преку различни канали, вклучувајќи публикации, презентации и работилници.

# Преглед на проценка на потребите

Проценката на потребите беше спроведена за да се идентификуваат клучните предизвици со кои се соочуваат предучилишните наставници кои работат со деца со НСА. Оценката вклучуваше преглед на литературата и детални интервјуа со наставници и експерти во шесте земји партнери. Интервјуата беа спроведени на локалниот јазик, по потреба, снимени како аудио запис, транскрибирани, потоа преведени на англиски јазик, пред да бидат прегледани рачно и со машинска помош за теми кои се преклопуваат.

Претпоставуваме дека проценката на потреби ќе открие заеднички недостатоци во области како:

● Недостаток на обуки и ресурси: Постои можност на наставниците да им недостасуваат обуки и ресурси неопходни за да ги разберат и имплементираат



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

ефективните интервенции, односно најдобри наставни практики засновани на АБА со децата со аутизам.
● Ограничен пристап до практики засновани на докази: Може да има недостаток на пристап до практики засновани на докази за деца со АСН во предучилишните средини.
● Тешкотии во процените и следењето на напредокот: На наставниците може да им биде тешко да го проценат и следат напредокот на децата со НСА без специјализирана обука и ресурси.
● Предизвици при преминот на децата во основно училиште: може да има предизвици во поддршката на успешна и колаборативна транзиција на децата со НСА од градинка во основно училиште.

Целта на проценката на потребите беше да се создаде проект воден од заедницата, со тоа што резултатите ќе го водат проектниот тим во развојот на сеопфатна процена и планирање за предучилишни наставници кои работат со деца со НСА.

# Резултати од процена на потребите

Неодамнешното глобално истражување спроведено од експертски тимови како што се Рис и колегите (2023), Халфданардотир и колегите (2021) и Гунинг и колегите (2019) открија дека за да бидат децата успешни во основното училиште неопходни се одредени клучни вештини, како што се функционална комуникација, следење инструкции, споделување со другите, самопомош, способност да се седи мирно, препознавање и давање на комплимент на другите и чекање за вниманието на наставникот. Сите овие тимови, и многу други, ја пронашле вредноста во користењето на стандардизирана програма за предучилишни животни вештини (PLS- preschool life skills) (на пр. Hanley et al., 2007) за поддршка на развојот на такви клучни основи и вештини. Резултатите од проценката на потребите на овој проект носат слични заклучоци.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

## Република Чешка

Позадина:

● Чешки доктор на науки за специјално образование и сертифициран аналитичар за однесување (BCBA) со 13 години искуство (10 со НСА).

Предучилишно образование:

● Постои рамка на програми, но не се стандардизирани и бараат од наставниците сами да ги креираат своите материјали.

● Собирање на податоци и подучување базирано на АБА се клучни, но за истите неопходна е обука за наставниците.

● Квалитетните предучилишни установи имаат потреба од образовани наставници и свест за аутизмот.

Деца со НСА:

- Не постои ништо специфично за деца со НСА.
- Индивидуализирани програми врз основа на процени и податоци.
- Транзицијата во училиште бара способност за работа во група, толеранција на промени, комуникациски вештини и контрола на однесувањето.

Транзиција:

- Зголемените барања и организацијата на транзицијата во основното училиште претставуваат потешкотија.
- Јасни планови и соработката се клучни фактори за непречена транзиција.

Препораки:

● Поголема поддршка за наставниците со интегрирани ученици.

● Обуки на тема собирање податоци, стратегии базирани на АБА и нарушувања од спектарот на аутизам.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

● Стандардизирани проценки и план за развој на програма/план за транзиција за деца со НСА.

● Правење напор предучилишната средина да изгледа повеќе како средина во основното училиште.

## Република Северна Македонија

Позадина:

● 17 години искуство во раното детско образование и работа со деца со аутизам.

Предучилишно образование:

● Се следи стандардизирана наставна програма; без простор за диференцијација.

● Постојат предизвици да се одговори на индивидуалните потреби на сите ученици.

● Проценката не се прави редовно (т.е. само при завршување на предучилишното образование).

● Потреба од повеќе ресурси и обуки за наставниците.

● Недостаток на стручни лица и простор за сместување на сите деца од предучилишна возраст.

Деца со НСА:

● Нема посебни наставни ресурси / наставни програми за деца со аутизам од предучилишна возраст.

● Постојат бариери поради недостаток на стручни лица, АБА/ обуки за аутизам и просторот во училниците.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

Транзиција:

● Постои потреба за флексибилни предучилишни програми и стратегии за олеснување на транзицијата.

● Навремено започнување на процесот на транзиција.

Препораки:

● Флексибилни предучилишни наставни програми за деца со аутизам.

● Соработка помеѓу предучилишните наставници и наставниците од основно училиште со цел непречена транзиција.

● Зголемување на ресурсите и обуките за наставниците кои работат со деца со аутизам.

## Кипар

Позадина

● Специјален едукатор во Кипар со повеќе од 20 години искуство. Таа моментално работи и во предучилишни установи и во основни училишта.

Предучилишно образование:

● Стандардизирана наставна програма.

● Недостиг на проценка наменета за употреба од страна на наставниците во редовното образование.

● Материјалите се застарени.

● Специјален едукатор, кој ги посетува училниците и е поодговорен за поддршка на децата со аутизам отколку редовниот наставник.

● Недостиг на ресурси и обуки (тоа што постои е опционално).

● Големи групи.

● Недостиг од специјализирани ресурси.

Деца со НСА:

● Наставниците не се сигурни како да се справат со сензорната чувствителност, проблемите во однесувањето или како да имплементираат стратегии базирани на АБА.

● Физичкиот простор во училницата е проблем.

● Потребно е поголемо вклучување од страна на родителите.

Препораки:

● Развивање на пофлексибилна наставна програма.

● Спроведување на стандардизиран систем за проценка.

● Обезбедување на задолжителни обуки за наставниците за специјална едукација.

● Намалување на големината на класот/ групите.

● Обезбедување на повеќе специјализирани ресурси.

● Обуки на редовни наставници за теми од специјалната едукација наместо пристапот да се потпираат на специјалните едукатори кои имаат лимитиран влез во групите.

## Хрватска

Позадина:

● Образовен рехабилитатор и директор во Центарот за аутизам, Загреб, работи во центарот повеќе од 30 години.

Предучилишно образование:

● Националната наставна програма поттикнува независно размислување и инклузија.

● Сеопфатна проценка базирана на портфолио.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

● Потреба за подобри услуги низ цела Хрватска.

Деца со НСА:

● Имаат корист од визуелно учење и индивидуализиран пристап.

● Наставниците и помошниот персонал имаат потреба од специјализирана обука.

● Треба да се испита влијанието на преинтензивни услуги / употребата на специјализирани услуги кои ги одземаат другите искуства од детството.

Транзиција:

● Попречена од несоодветни проценки и недостаток на специјализирана обука за наставници.

● Недостасува сеопфатна програма за транзиција за децата, родителите, средината, наставниците и администраторите - која во моментов недостасува во Хрватска.

● Соработката помеѓу предучилишните наставници и наставниците од основно образование е од клучно значење.

Препораки:

● Развивање на посилни проценки за децата со аутизам, фокусирајќи се на индивидуалните потреби и нивните јаки страни.

● Имплементирање на сеопфатни програми за транзиција со посветени ресурси и обука на персоналот.

● Поттикнување на подобра соработка помеѓу предучилишните наставници и наставниците од основните училишта, давајќи приоритет на комуникацијата и споделувањето на информации.

● Обезбедување на целна обука за наставниците и помошниот персонал за нарушувањата од спектарот на аутизам и ефективните наставни стратегии.

## Украина

Позадина:

● Директор на инклузивен ресурсен центар за деца со аутизам со повеќе од 10 години искуство.

Предучилишно образование:

● Различни можности за наставните програми за предучилишните установи воопшто и за аутизам посебно.

● Општата образовна програма не содржи специфични модификации за деца со аутизам.

● Потреба од повеќе специјални едукатори и ресурси.

● Важност на подобрување на следењето на напредокот и интерактивните/ технолошките алатки.

Деца со НСА:

● Корист од специјализирана обука за наставници.

● Потребна е поддршка за транзицијата во основно училиште.

Транзиција:

● Потребна е соработка помеѓу училиштата, едукаторите и децата во двете средини пред да се случи транзицијата.

● Фокус на градење на вербална и невербална комуникација, социјални вештини и следење на распоред.

● Подготовка за/десензибилизација на новата средина и сетилни искуства пред транзицијата.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

Препораки:

● Зголемување на достапноста на специјални едукатори и ресурси.

● Обезбедување обука за наставниците за аутизам за техники на користење на интерактивни наставни методи/технологија.

● Развивање на заеднички програми за транзиција помеѓу предучилишните установи и основните училишта.

● Нагласување на комуникацијата и соработката помеѓу наставниците и професионалните лица во областа.

## Грција

Позадина:

● Воспитувач во градинка со магистерска диплома по специјално образование со 10 години искуство во областа.

Предучилишно образование:

● Теоретски добра стандардизирана наставна програма, но тешка да се стави во пракса, особено со предизвиците како што се преголем број на ученици во училница како и различноста на учениците.

● Наставниците мораат сами да направат модификации на наставната програма.

● Недостиг на индивидуализирана поддршка и алатки за проценка (нема официјални алатки за проценка).

● Ограничени ресурси и обуки за наставници.

Деца со НСА:

● Потреба од специјализирана програма (наставна програма и оценување) од Министерството за образование за децата со аутизам.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

● Важност на специјализирани обуки за наставниците.

● Недостаток на персонал – специјални едукатори.

● Одложување на проценките надвор од училиштето.

Транзиција:

● Проценка на подготвеноста за училиште за непречена транзиција во основно училиште.

● Социјализација и соработка помеѓу предучилишните наставници и наставниците од основите училишта.

● Посети на новата локација пред транзицијата.

Препораки:

● Министерството за образование да обезбеди специјализирана програма за деца со аутизам.

● Зголемување на обуките и постојана поддршка за наставниците.

● Обезбедување на соодветна опрема, ресурси и алатки за проценка.

● Развивање на проценка на подготвеноста за училиште и насоки за непречена транзициона програма.

● Поттикнување на социјализација и емоционална регулација.

## Општи заклучоци

Во сите шест земји беше потврдено дека постојат голем број на бариери со кои се соочуваат децата со аутизам кога станува збор за пристап до основно образование.

● Несоодветна проценка на јаките страни: Децата со аутизам често не добиваат соодветни проценки за нивните јаки страни и способности, што може да доведе до тоа да бидат сместени во несоодветни образовни средини кои не се опремени за да ги задоволат нивните потреби.

● Недостаток на подготовка за преминот во основно училиште: Децата со аутизам често не добиваат соодветна подготовка за преминот во основно училиште, што може да доведе до тоа да се чувствуваат преоптоварени, анксиозни и да се борат да постигнат успех.

● Физички бариери: Децата со аутизам може да се соочат со физички бариери во основното училиште, како што се гласни звуци, пренатрупани училници и недостаток на визуелна организација.

● Адаптација и модификација на наставната програма: Децата со аутизам може да имаат потреба од модификации на наставната програма за да пристапат до општата образовна програма.

● Специјализирана обука за наставници: Децата со аутизам немаат редовен пристап до професионалци со потребната обука и експертиза.

| **Земја** | **Предучилишно образование** | **Деца со НСА** | **Транзиција** |
|---|---|---|---|
| Република Чешка | Нема стандардизирани рамки за програми, потреба од АБА обуки | Индивидуализирани програми, предизвици при транзицијата во училиште | Потешкотии во транзицијата во основно училиште, Соработката е клучен фактор |



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

| | | | |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | Недостиг од диференцијација во стандардизираниот курикулум, недостиг на ресурси | Нема специфични ресурси за децата со аутизам од предучилишна возраст | Потреба од флексибилни програми, рано започнување на процесот на транзиција |
| Кипар | На стандардизираните програми им недостига проценка, недостиг на ресурси | Наставниците немаат доволно предзнаења за НСА, Недоволна вклученост на родителите | Потреба од флексибилен курикулум, рано започнување на транзицијата |
| Хрватска | Национална програма со портфолио за проценка | Бенефит од визуелна поддршка, потреба од специјализирани обуки | Процесот е попречен поради несоодветни проценки, потреба од сеопфатна транзиција |
| Украина | Програми со можност за диференцијација, потреба од специјални ресурси | Бенефит од обуки, потреба од поддршка при транзицијата | Потреба од соработка пред транзицијата, фокус на комуникацијата |
| Грција | Теоретски програми кои се предизвик да се применат, | Потреба од специјални | Проценка на подготвеност за училиште, |


Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

| | | | |
|---|---|---|---|
| | недостиг на поддршка | програми, важноста на обуките | социјализација и соработка |

Голем број на вредни препораки беа дадени од страна на испитаниците за решавање на овие бариери:

● Соработка помеѓу предучилишните воспитувачи и наставниците од основните училишта: Соработката помеѓу предучилишните воспитувачи и наставниците од основните училишта може да помогне да се осигура подготвеноста на децата со аутизам за преминот во основно училиште.

● Обуки за наставниците и персоналот: Наставниците и персоналот имаат потреба од обуки за да го разберат аутизмот и за да можат на најдобар начин да ги поддржат децата со аутизам во училницата / употреба на научно докажани процедури на подучување

● Флексибилни средини за учење: Децата со аутизам може да имаат потреба од флексибилна средина за учење која е прилагодена на нивните индивидуални потреби.

● Визуелна поддршка и други индивидуализирани материјали за учење: Децата со аутизам може да имаат корист од визуелната поддршка, како што се распореди, мапи и слики, за да им помогнат да ја разберат и да се ориентираат во нивната средина, како и од употребата на други индивидуализирани алатки за учење.

● Наставна програма и оценување: Наставниците имаат потреба од насоки за тоа што да подучуваат и што/како да проценат за да можат на најдобар начин да ги адресираат потребите на децата со аутизам.

● Фокус на наставните цели: Иако академските вештини се важни, тие никогаш не беа споменати како примарен фокус. Наместо тоа социјалните вештини, комуникацијата и емоционалната регулација почесто беа споменувани како и неопходноста од нивно градење.



Project number: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

## Одење нанапред

Во согласност со локалните експерти кои беа интервјуирани, проектниот тим треба да има за цел да ги поддржи наставниците во предучилишните установи со следниве ресурси и обука за ефикасно спроведување и реализирање на предучилишните наставни програми:

● Наставни материјали кои се наменети за сите ученици, вклучувајќи ги и децата со аутизам или други посебни потреби.

● Обука на тема како да се адаптираат материјалите од наставната програма за да се задоволат потребите на сите ученици.

● Обука на тема како да се користат различни методи и стратегии на подучување за да се допре до сите ученици.

● Пристап до ресурси и поддршка, како што се можности за професионален развој, консултации со професионални лица во областа и колегијална соработка.

Експертите исто така нагласија дека предучилишните наставници треба да бидат флексибилни и подготвени да ги адаптираат своите методи на подучување за да ги задоволат индивидуалните потреби на учениците. Тие исто така треба да имаат трпение, разбирање и да имаат позитивен став кон децата со аутизам или други посебни потреби.

Дополнително, развојот на проектната програма за предучилишните групи, алатката за проценка, плановите за часови и дополнителните материјали, треба да бидат водени од страна на интервјуираните експерти, насочени кон градење на следниве специфични вештини и способности кај децата со аутизам за да ги подготват за влез во основно училиште:

● **Социјални вештини**: Децата со аутизам треба да имаат способност да комуницираат со своите врсници на општествено соодветен начин, да ги следат упатствата/правилата во училницата, да соработуваат во групи, да чекаат во ред и да споделуваат.

● **Комуникациски вештини**: Децата со аутизам треба да имаат способност јасно да ги комуницираат своите потреби и желби, вербално и невербално (на пример, да побараат помош).
● **Вештини за функционално извршување**: Децата со аутизам треба да бидат способни да го управуваат своето време и активности (на пример, со визуелни распореди), да следат распоред и да решаваат проблеми.
●**Вештини за сензорно процесирање**: Децата со аутизам треба да имаат способност да се справат со различни сензорни дразби, како што се бучава, светлина и допир, без да се впуштаат во опасно однесување (на пример, да користат самоиницијативна употреба на стратегии за справување)
● **Прилагодливост:** Децата со аутизам треба да имаат способност да се прилагодат на нови ситуации и промени во рутината.
● **Социјално-емоционална благосостојба**: Децата со аутизам треба да имаат одредени вештини за можат да ја ублажат анксиозноста во новата средина, да се смират себеси, да ги намалат стравовите и да стапат во контакт со другите кога сакаат.



# Користена литература

Gunning, C., Holloway, J., & Healy, O. (2019). Evaluating the preschool life skills program to teach school readiness skills: An Irish pilot study. *European Journal of Behavior Analysis, 20*(1), 48-68.

Hálfdanardóttir, B. F., Ingvarsson, E. T., & Sveinbjörnsdóttir, B. (2022). Important skills for elementary school children: Implementing the preschool life skills program in Iceland. *Behavioral Interventions, 37*(2), 345-362.

Hanley, G. P., Heal, N. A., Tiger, J. H., & Ingvarsson, E. T. (2007). Evaluation of a classwide teaching program for developing preschool life skills. *Journal of applied behavior analysis, 40*(2), 277-300.

Rees, R. E., Seel, C. J., Huxtable, B. G., & Austin, J. L. (2023). Using the Preschool Life Skills Program to support skill development for children with trauma histories. *Behavior Analysis in Practice,* 1-16.

# Изјава за неодговарање

Проектот е финансиран од страна на Европската унија преку програмата ЕРАЗМУС+. Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината која ги одразува само ставовите на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.